| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пред Нова Година |
| **Содржина на денот** | Патуваме,подароците ги очекуваме |
| **Возраст** | 2-3 |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор на тема-Како да го сочуваме здравјето во годишното време зима. |
| **Активности** | Физичката активност има голема улога во правилниот раст и развој на детето.Затоа секој слободен момент може да го користите да вежбате заедно со Вашето дете, а воедно ќе имате можност да стекнете увид колку Вашето дете ги има добро развиено моторички вештини. На почетокот потребно е со Вашето дете да направите вежби за истегнување и загревање на телото. Почнете со вежби за глава,рамена,раце,половина и на крај нозе. Додека ги правите вежбите може да пеете омилениеснички на детето. Поттикнете го и мотивирајте го детето да вежба и вежбањето да го доживее како лесна и интересна активност,така што додека вежбате секое движење поврзете го со движење на некое животно. Потоа во просторот во домот во кој вежбате или надвор ако имате можност поставете три кутии во основните бои црвена,жолта, сина. Предходно направете мали подароци од кутии во основните бои. Подароците поставете ги на различни места во просторот-на маса,под маса,на полица,под кревет,на различни безбедни височини на дофат на детето. Додека ги поставувате подароците Вашето дете нека ве набљудува за да може да ги запомни местата. Објаснете му ги правилата  и целта на подвижната игра. Секој подарок треба да го стави во кутијата со соодветна боја. Кога сите подароци ќе ги пронајде ,заедно проверете дали точно се ставени во кутијата со соодветната боја и избројте ги. Играта може да се повторува во зависност од интересот  на детето.Потоа заедно може да слушате детски песни за да се релаксирате. |